Национален младински совет
на Македонија

# Годишен извештај за 2023 година

# СОДРЖИНА


- ЗА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА 1
- ВОВЕД 4
- ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РАБОТЕН ПЛАН ВО 2023 5
- СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: ПОДДРШКА И ЗАЈАКНУВАЊЕ ЗА МЛАДИНСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ, РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ 6
- СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТКИ И НОСЕЊЕ ОДЛУКИ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО 12
- СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА НА МЛАДИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИОТ СТАНДАРД И МЛАДИНСКИТЕ ПРАВА 16
- ПРОЕКТИ ВО 2023 ГОДИНА 19
- ТИМОТ НА НМСМ ВО 2022 ГОДИНА 23

# ЗА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Националниот младинскиот совет на Македонија НМСМ е сојуз на здруженија во кој на доброволна основа членуваат здруженија и фондации од Република Македонија. НМСМ е основана на 29 јуни 2013 година од страна на 55 организации. НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации кои работат на национално и регионално ниво, рурални и урбани средини, студентски организации, ограноци на меѓународни организации и други типови на здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичкото и верското уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или било која друга форма на разлика. Од 29 ноември 2015 година, Националниот младински совет на Македонија е дел од европското семејство на младински организации, Европски младински форум ЕМФ.

Во моментов во Советот членуваат 50 организации, сојузи и подмладоци на политички партии. Организациите кои што се дел од советот работат на различни полиња кои што се поврзани со младите, од невработеност и меѓукултурен дијалог, до корупција, здравствени прашања и неформално образование. Истите, иако се разликуваат по организациска структура и големина, се обединети под интересот да ги претставуваат младинските потреби и проблеми, застапувајќи за системски решенија кои ќе овозможат младите активно да се вклучени во процеси на носење на одлуки на сите нивоа.

## ВИЗИЈА

Независен автономен и инклузивен младински сектор кој ги претставува младите во Македонија

## МИСИЈА

Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво.

**ЦЕЛИ НА НМСМ**

Ø Зајакнување на улогата на НМСМ како претставничко тело на младите и младинските организации;

Ø Поттикнување на процеси за креирање на соодветни политики кои овозможуваат социјален и личен развој на младите;

Ø Застапување и делување во името на интересите на младите и младинските организации преку претставување на нивните интереси пред институциите;

Ø Обединување и развој на капацитети на младинскиот сектор преку зајакнување и промоција на улогата на младинските организации;

Ø Промоција на неформалното образование и поттикнување на креирање системи за поддршка на млади на локално и национално ниво;

Ø Унапредување на положбата на младите во општеството преку: − Промоција и дејствување кон зајакнување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки, − Промоција на младински активизам, младинско информирање и активно граѓанство помеѓу младите;

Ø Унапредување на еднаквоста, третманот на младите, толеранција и демократијата кај и помеѓу младите.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ**

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:**

Поддршка и зајакнување за младинско организирање, развој на капацитетите и позиционирање на младинските форми на организирање

Стратешка цел: 1 (1.1) Зголемено учество на организациите членки на НМСМ во работните тела и процесите на НМСМ;

Стратешка цел 2 (1.2) Позиционирање на НМСМ како активен партнер на сите форми на младинско организирање при креирање и имплементација на младински политики;

Стратешка цел 3 (1.3): Поддршка и јакнење на капацитетите на организациите членки и други форми на младинско организирање;

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2:**

Зголемено учество на младите во процесите на креирање политки и носење одлуки на национално и локално ниво;

Стратешка цел 1 (2.1) Поддршка и мониторинг на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики;

Стратешка цел 2 (2.2): Пилотирање и промовирање на инклузивни и партициаптивни модели на младинско учество;

Стратешка цел 3 (2.3): Позиционирање на НМСМ и организациите членки како релевантни чинители за претставување и застапување на потребите на младите;

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3:**

Зајакнување на општествената положба на младите и унапредување на младинскиот стандард и младинските права;

Стратешка цел 1 (3.1.) Поддршка и креирање на можности за личен и професионален развој на младите;

Стратешка цел 2 (3.2.) Олеснет пристап на младите до информации за нивно активно учество во оштествените процеси;

Стратешка цел 3 (3.3) Поддршка и заштита на младите во остварувањето и унапредувањето на нивните права;

## ВОВЕД

Во 2023 година НМСМ обедини вкупно 51 организации членки, од кои 1 сојуз, 15 младински организации, 21 организации за млади, 4 подмладоци на други организации, 1 универзитетско студентско собрание и 9 придружни членки. Во текот на годината НМСМ работеше на застапување на имплементацијата на постоечките механизми за младинско учество, но и промовирање на нови како и претставување на потребите на младите во политиките и креирање на политики респонзивни на потребите на младите. Покрај ова, НМСМ работеше и на градење на капацитетите и поддршка на младинските организации преку реграните, спроведување на заеднички активности и обуки. Еден од поголемите фокуси во текот на годината во НМСМ беше и директната поддршка на младите и креирањето на вештини, можности и капацитети за младите лица. Во насока на градењето на внатрешните организациски капацитети во 2023 година се спроведоа 3 генерални собранија на НМСМ на кои се усвои новиот Статут на организацијата и Правилникот за исплата на надоместоци на членовите на телата на НМСМ, покрај ова во 2023 година НМСМ ги избра и новите членови на Управниот одбор и Комисијата за членство.

Клучни резултати со кои се одбележа 2023 година се:

1. Организирани 23 обуки и тренинзи со вкупно 597 учесници;
2. Организирани 411 настани во 11 градови со повеќе од 7000 учесници;
3. Поддржани 48 младински организации со вкупна финансиска поддршка од 284.500 евра;
4. Директно вклучени 255 млади лица со вкупен надомест од 129.340 евра, односно просечно 471 евро по лице;
5. Подготвени 5 анализи на потреби и политики за млади;
6. Воспоставена соработка со 23 младински организации од Западен Балкан и Европа;
7. Остварена соработка со 21 институција;
8. Креирана стратегија за Ментално здравје кај млади;
9. Учество во креирањето на 3 други национални стратешки документи;
10. Доделена награда за Младинско учество - 19 номинации во индивидуална категорија, 10 номинации во категорија организации и 3 номинации во категорија неформални групи;
11. Конференција и прослава по повод 10 години НМСМ – Деценија на заедничка акција, застапување и промени за младите.

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РАБОТЕН ПЛАН ВО 2022

# Стратешки приоритет 1: Поддршка и зајакнување за младинско организирање, развој на капацитетите и позиционирање на младинските форми на организирање

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Поддршка и зајакнување за младинско организирање, развој на капацитетите и позиционирање на младинските форми на организирање

Во рамки на овој стратешки приоритет Националниот младински совет на Македонија во 2023 година работеше на јакнење на внатрешните организациски капацитети и капацитетите на организациите членки како и другите форми на младинско организирање.
Во таа насока во текот на годината НМСМ се вклучи во креирање на политики релевантни за младите но, и соодветно консултирање и вклучување на организациите членки во застапувачките напори на организацијата. За време на Генералното собрание во ноември се спроведе широка консултација со организациите членки за креирање препораки при процесот на подготовка на Националната развојна стратегија 2023-2043. Истиот овој процес беше спроведен и онлајн. Во 2022 НМСМ исто така работеше и на консултирање на организациите членки и други чинители при креирањето на Стратегијата за ментално здравје кај млади.
Дополнително во текот на годината, организациите членки на НМСМ добија логистичка и техничка поддршка при спроведување на настани, тимот на НМСМ постојано работеше на поддршка на организациите членки при спроведување на различни административно финансиски процеси.
Покрај ова, во рамки на првиот стратешки приоритет НМСМ работеше и на градење на капацитетите за управување со проекти на организациите членки преку подготвување на заеднички проекти со организациите членки. Во насока на поддршка на организациите членки НМСМ обезбеди и финансиска поддршка на организациите членки, па така преку различни повици во текот на годината беа поддржани 37 организации членки со директни и in-kind грантови за спроведување на различни активности и дополнителни други 11 младински организации. Вкупно беа доделени средства во висина од 284.500 евра.
Како една од клучните активности која придонесе кон позиционирањето на промоцијата на НМСМ во 2023 година е година во која НМСМ го прослави десет годишното постоење на организацијта, преку низа настани кои имаа за цел да го одбележат денот. Со таква цел во кампањата за прославувањето на НМСМ се вклучија и 10 организации членки со организирање на мали настани за промоција на НМСМ. Воедно, се оддржа и конференцијата „Деценија на заедничка акција, застапување и промени за младите “ на конференцијата присуствува повеќе од 100 млади заеднички со претставници на повеќе од 10 други институции. Овој настан покрај промоцијата на организацијата имаше за цел и да ги претстави успесите и предизвиците со кои НМСМ низ годините се има соочено но и да ги прикаже и суштинските промени во младинските политики.
На крај, во текот на 2023 година НМСМ аплицираше вкупно 10 нови проектни апликации (5 одобрени, 1 нема одговор) оствари соработка со 23 други младински организации и воспостави соработка со 44 институции вклучувајќи национални институции и министерства, средни училишта, општини и центри за социјална заштита.

**Стратешка цел: 1 (1.1) Зголемено учество на организациите членки на НМСМ во работните тела и процесите на НМСМ**

## Планирани активности

- Retreat (работна средба) со организации членки
- Консултации со организации членки во процесите на креирање политики и застапување
- Промоција на работата на телата на НМСМ
- Воспоставување на База на обучувачи

## Реализирани активности

- Организиран еден ритрит на Секретаријатот на НМСМ;
- Спроведени 2 годишни собранија;
- Организирани 8 регионални средби со организациите членки;
- Организирани 4 консултатитвни средби со организации членки;
- Спроведена кампања за промоција на членовите на телата на НМСМ;
- Организирани и промовирани 22 активности со организации членки;

**Стратешка цел 2 (1.2) Позиционирање на НМСМ како активен партнер на сите форми на младинско организирање при креирање и имплементација на младински политики**

## Планирани активности

- Job shadowing со организации членки во области во кои сметаат дека имаат потреба за развој и унапредување
- Воспоставена соработка со студентски, средношколски организации (Универзитетски собранија/средношколски унии) и локални младински совети

## Реализирани активности

- Поддржани организации членки со простор за организирање настани;
- Поддржани организации членки при регистрација во регистарот на АМС;
- Организирани состаноци со УСС УКИМ и УСС УГД.
- Спроведена обука за зголемување на родовата сензитивност во работењето на организациите членки и НМСМ.

## Стратешка цел 2 (1.2) Позиционирање на НМСМ како активен партнер на сите форми на младинско организирање при креирање и имплементација на младински политики

### Планирани активности

- Анализа на потребите на организациите членки и другите форми на младинско организирање
- Програма за градење на капацитетите на организациите членки и други форми на младинско организирање
- Менторство на организации членки (In-house/job shadowing) и другите форми на младинско организирање
- Креирање и имплементација на програма за работа со регионалните канцеларии на НМСМ
- Финансиска поддршка на локални младински организации

### Реализирани активности

- Спроведени 12 состаноци со организации членки и други младински организации за проценка на потребите;
- Финансиска поддршка и менторство на организации членки при спроведување на истражување;
- Поддршка и менторство на членки при спроведување на 214 настани за млади;
- Напишани 4 проектни апликации во соработка со организации членки;
- Финансиска поддршка на 48 младински организации (37) организации членки во висина од 284.500 евра.







# Стратешки приоритет 2: Зголемено учество на младите во процесите на креирање политики и носење одлуки на национално и локално ниво

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2 Зголемено учество на младите во процесите на креирање политики и носење одлуки на национално и локално ниво**

Во насока на постигнување на вториот стратешки приоритет НМСМ се фокусираше на зголемување на учеството и можностите за учество на младите во креирањето на политиките. Како една од клучните активности во оваа насока е застапувањето на НМСМ за доследната имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.
Со цел унапредување на имплементацијата на Законот и во 2023 година НМСМ работше на мониторинг на имплементацијата на законот, редовно следејќи ги промените во однос на воспоставувањето на механизмите и сервисите за млади предвидени во ЗМУМП. Покрај мониторингот во 2023 година НМСМ беше активно вклучен во застапување за измени и дополнувања на Законот, во таа насока и Клубот за младински прашања и младински политики го отвори процесот на креирање и разгледување на предлог измени и дополнувања на Законот каде што НМСМ поднесе 12 предлози од кои 10 се вклучени во Прелдлог законот за изменување и дополнување на ЗМУМП.

Во текот на 2023 година исто така се работеше и на креирањето на Националната стратегија за млади и соодветните акциски планови, каде што членовите на НМСМ и организациите членки активно се вклучија во работните групи по 8те тематски области на Стратегијата. Во летниот период исто така претставници на НМСМ се вклучија и на работната средба за креирање на двегодишниот акциски план за Стратегијата.

Во 2023 година, НМСМ исто така поддржа и 15 проекти на младинските организации кои имаат за цел да ја поттикнат имплементацијата на Законот во локалните средини во коишто работат.

Покрај оваа Националната стратегија за млади, НМСМ во текот на годината исто така активно се вклучи и во креирањето на Националната развојна стратегија (НРС) 2023-2043 година. Во насока на оваа Стратегија, НМСМ спроведе и онлајн консултатитвен процес како и консултации со организациите членки и прибирање предлози од младинските организации за во НРС 23-43.

Со цел прибирање на позитивни практики, НМСМ исто така се вклучи во 3 проекти за соработка со Национални младински совети од регионот и Европа, со кои беа организирани 2 студиски посети и еден состанок за размена на искуства. Како резултат на ова, НМСМ ја достави оваа иницијатива како предлог во програмата за работа на Владата на РСМ за 2024 година, за која доби позитивно мислење. Дополнително на ова се подготви интерна стратегија за воспоставување на Младински дијалог во Република Северна Македонија кој вклучува кампања за промоција на механизмот како и конкретни чекори за остварување на соработка со институциите и воспоставување на практиката во текот на 2024 година.

На крај, во рамки на вториот стратешки приоритет, НМСМ подготви 2 анализи, 2 евалуации и достави 2 предлога за Програмата за работа на Владата на РСМ и изготви повеќе од 50 препораки за најразлични младински политики вклучувајќи ги Националата стратегија за млади, ЗМУМП, Порграмата Младинска гаранција, НРС, итн.

**Стратешка цел 1 (2.1) Поддршка и мониторинг на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики**

## Планирани активности

- Соработка со ЕЛС за формирање на Локални младински совети;
- Поддршка на ЕЛС при отворање на младински центри;
- Поддршка на организации членки при иницирање и формирање на локални младински совети;
- Мониторинг на спроведувањето на законот за младинско учество и младински политики ;
- Спроведување на кампања за промоција на законот за младинско учество и младински политики;
- Градење на капацитетите на претставници на локалните младински совети;

## Реализирани активности

- Остварена сорабтока со 3 општини (Берово, Чаир и Град Скопје)
- Спроведен мониторинг на Законот за младинско учество и младински политики 2022;
- Изготвени и доставени до собрание 12 предлог измени и дполнувања на ЗМУМП;
- Поддржани 16 младински организации за спроведување на активности за застапување за имплементацијата на ЗМУМП на локално ниво;
- Изготвена методологија за мерење на инклузивноста на општините кон млади;
- Започната анализа на инклузивноста на општините кон млади;

**Стратешка цел 2 (2.2): Пилотирање и промовирање на инклузивни и партиципативни модели на младинско учество**

## Планирани активности

- Поддршка на младински иницијативи
- Поддршка на иницијативи на организации членки за унапредување на правата на посебни групи на млади на локално ниво
- Формирање на национална група за Структурен дијалог
- Истражување за соодветни начини за вклучување на младите во процесите на креирање политики
- Поддршка и промоција на Локалните младински совети

## Реализирани активности

- Поддржани 16 локални младински иницијативи за застапување и унапредување на локалните младински политики; (8 организации членки)
- Спроведена кампања за промоција на Европскиот младински дијалог;
- Спроведена консултативна средба со институции и претставници на меѓународната заедница за воспоставување на Европскиот младински дијалог во РСМ;
- Спроведени 3 студиски посети за размена на искуства со други Национални младински совети;
- Остварена соработка со 17 други Национални младински совети.

## Стратешка цел 3 (2.3): Позиционирање на НМСМ и организациите членки како релевантни чинители за претставување и застапување на потребите на младите

### Планирани активности

- Подготовка на анализи и нормативно-застапувачки документи
- Организирање на Владина младинска седница
- Поддршка при креирање на Локални стратегии за млади;
- Национална стратегија за млади









### Реализирани активности

- Подготвени 2 анализи, родови стереотипи на младите и Мониторинг на ЗМУМП;
- Подготвена евалуација на Стратегија за претприемачко учење (2014-2020) и Стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023)
- Поднесени 2 предлог иницијативи за Програма за работа на Владата на РСМ 2024 година;
- Подготвена анализа и предлог стратегија за ментално здравје на млади;
- Подготвени 48 препораки за Национална стратегија за млади;
- Остварена соработка со 10 институции.
- Учество во 8 работни групи за креирање на Националната стратегија за млади;
- Учество во креирање на актициски план за Националната стратегија за млади;
- Учество во јавна расправа за Законот за работни односи.



# Стратешки приоритет 3: Зајакнување на општествената положба на младите и унапредување на младинскиот стандард и младинските права

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИЕТ 3 Зајакнување на општествената положба на младите и унапредување на младинскиот стандард и младинските права**

Третиот стратешки приоритет на НМСМ е посветен на поддршката и програмите кои НМСМ ги нуди за млади, како и застапувањето за креирање и имплементирање на различни политики и програми за поддршка на млади.

Во рамки на ова, НМСМ во текот на 2023 година, продолжи да ги имплементира програмите за градење на вештини и капацитети кај младите за вработливост, односно имплементацијата на практиканската програма, програмата за кариерно советување и програмата за менторство. Во рамки на овие програми НМСМ вклучи повеќе од 400 млади лица и оствари соработка со повеќе од 60 компании и организации.

Промоцијата и теренската работа за Гаранцијата за млади како една од клучните национални програми за вработување на мади во земјата исто така продолжи и во 2023 година. Во текот на годината НМСМ и организациите членки вклучени во овој процес преку теренската работа информираа 3478 млади лица, од кои 1661 успешно беа вклучени во програмата.

Менталното здравје на млади како фокус продолжи и во текот на минатата година, и резултираше со спроведување на сеопфатно истражување за потребите и перцепциите на младите во однос на менталното здравје и креирање на Националната стратегија за ментално здравје, која исто така беше поднесена како иницијатива во програмата за работа на Владата на РСМ.

Претприемништвото и поддршката на младинското претприемништво исто така беа фокус на работење во текот на 2023 година, во таа насока НМСМ продолжи со поддршка на 11 социјални претпријатија кои се предводени од млади и/или вработуваат мнозинство млади лица. На овие претпријатија во текот на 2022 и 2023 година им беше доделена финансиска поддршка во вкупна висина од 106.000 евра. Во насока на ова беше креирана и платформата mladipretpriemaci.mk која служи за прибирање финансиски средства на мадински претпријатија и младински организации.

На крај, активно се работеше и на промовирање на други можности за млади преку платформите на НМСМ и промоција на можностите кои ги нудат организациите членки преку млади.мк. НМСМ во текот на 2023 година организираше 411 настани на кои учествуваа повеќе од 7000 млади лица, и во имплемантацијата на активностите директно ангажираше 255 млади лица придонесувајќи кон нивната вработливост и финансиска независност.

## Стратешка цел 1 (3.1.) Поддршка и креирање на можности за личен и професионален развој на младите

### Планирани активности

- Програма за практикантство за млади;
- Програма за градење на вештини кај млади (обуки за претприемништво, кариерно советување, вклучување на пазар на труд, саеми, практикантство и други активности)
- Поддршка за психо-социјален развој на млади
- Застапување за програми за вработување на млади во рамки на Оперативен план за вработување 2023-2025
- Мониторинг на политиките и програмите за вработување на млади (Оперативен план, Младинска гаранција итн.)
- Застапување за унапредување на политиките за психо-социјален развој кај млади (политки за вработување, образовни политики, здравствени политки итн)
- Поддршка на младински социјални претпријатија

### Реализирани активности

- Директно поддржани 255 млади лица;
- Вклучени 597 учесници во активности за градење на вештини на младите;
- Спроведен состанок за Оперативен план за вработување со Министерство за труд и социјална политика;
- Спроведени 7 состаноци со МТСП и АВРМ за спроведувањето на теренската работа за младинската гаранција за 2024 година;
- Подготвени 6 препораки за подобрување на имплементацијата на Младинска Гаранција;
- Изготвена анализа за состојби со ментално здравје на млади;
- Изготвен документ за застапување за ментално здравје на млади;
- Изготвена Национална стратегија за ментално здравје кај млади 2024 – 2026;
- Поддржани 10 младински социјални претпријатија;
- Доделени грантови во висина од 105.986,00;
- Програма за трансформација на идеи во реален бизнис – 10 групи на млади, вкупно 40 учесници.







## Стратешка цел 2 (3.2.) Олеснет пристап на младите до информации за нивно активно учество во оштествените процеси

### Планирани активности

- Промоција на платформата млади.мк;
- Средби со младинските службеници за зајакнување на нивните капацитети
- Промоција на активности на организации членки (неформално образование, можности за волотирање...)
- Изработка на прирачници за млади (здравство, образование, социјални услуги, политики итн.)
- Следење на постоечки механизми за младинско информирање имплементирани од регионалните НМС и ЕУ и нејзините институции и прилагодување и пилотирање на истите.

### Реализирани активности

- Зголемен број на ФБ и Инстаграм followers на млади.мк за 23%;
- Промовирани повеќе од 500 активности на организации членки преку каналите на социјалните медиуми на НМСМ и платформата mladi.mk;
- Изработени 4 прирачници за млади: Нарушување на спиењето (несоница); Онлајн насилство; препознавање на предупредувачки знаци; и траума;
- Оддржани 2 состаноци со АМС и НА за преземање на платформата mladi.mk;
- Платформата mladi.mk вклучена во Националната стратегија за млади 2023-2027 и Акцискиот план 2023-2035;
- Спроведени вкупно 411 настани и активности за млади со присутни над 7000 млади.

## Стратешка цел 3 (3.3) Поддршка и заштита на младите во остварувањето и унапредувањето на нивните права

### Планирани активности

- Промоција на концептот на младински права;
- Иницијатива за заштита на правата на младите;
- Промоција на можности за млади;
- Застапување за креирање на Законот за младински стандард;

### Реализирани активности

- Промовирани 158 можности за млади преку платформата mladi.mk;
- Промовирани 15 можности за млади преку платформата careerhub.mladihub.mk;
- Изработена CareerHUB iOS и Android апликација;
- Оддржан 1 состанок со Министерство за образование и наука;

# ПРОЕКТИ 2023

# Проекти

**YOUTH-INCLUSIVE LOCAL COMMUNITIES – ЗАЕДНИЦИ ИНКЛУЗИВНИ ЗА МЛАДИ**

Главната цел на проектот е да ги ангажира младинските граѓански организации да обезбедат поддршка на своите локални заедници, да ги искористат постојните механизми за учество во локалните политики и процесите на донесување одлуки кои се однесуваат на нивните потреби и потребите на нивните конституенти.

Главните активности на проектот вклучуваат: зајакнување на капацитетите на младинските организации и локалните младински совети преку серија работилници, следење на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, оценување на инклузивноста на младите во локалните самоуправи во Северна Македонија, изготвување препораки за политики и поддршка на младински иницијативи за застапување кои го зголемуваат младинското учество во јавната политика.

Партнери на проектот:
Фондација за развој на локалната заедница – Штип
SFERA International Битола
Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар
Период на реализација: март 2022 година – септември 2024
Донатор: Европска комисија

**YOUTHHUB – OVERCOMING INEQUALITY AMONG YOUNG PEOPLE – МЛАДИХАБ – НАДМИНУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ**

Главна цел на проектот „МладиХаб – надминување на нееднаквоста помеѓу младите“ е да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени на возраст од 15 до 29 години во Северна Македонија да станат поактивни во општеството и да креира поеднаков пристап до можностите во јавниот живот на земјата, во приватниот сектор и со тоа во процесот на донесување одлуки на локално и национално ниво. Проектот ќе развие и креира комуникациски производи насочени кон јазот во родовата нееднаквост за општата јавност, едуцирајќи ја јавноста да биде свесна за родовите пристрасни улоги, норми и ставови.

Главни активности на проектот се: детална анализа за социоекономското однесување на младите девојки и жени, онлајн и офлајн кампања за родова еднаквост, градење на капацитетите на девојки и млади жени преку обуки за креирање локални и национални политики, застапување и вклучување на родовата перспектива, одржување на 20 јавни настани во различни градови на различни теми прилагодени на потребите на младите девојки и жени, работилница за родот во медиумите со топ 10 медиумски куќи, 10 локални младински иницијативи предводени од млади девојки, креирање локални младински стратегии за вклучување на млади жени и девојки на локално ниво во 4 општини, кариерно насочување и советување за најмалку 200 млади жени, програма за практикантска работа и волонтирање за најмалку 200 млади жени, креирање на мобилна апликација за практиканска работа на национално и регионално ниво.

Партнери на проектот: Стела Нетворк
Период на реализација: декември 2022 година – март 2025
Донатор: Британска амбасада

# Проекти

**SOCIAL ENTREPRENEURSHIP FOR YOUTH EMPLOYMENT – СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ**

Главна цел на проектот е да поттикне економско зајакнување и развој на социјални претпријатија предводени од млади. Преку различни активности, проектот ќе обезбеди можности за градење капацитети за невработени млади лица, а истовремено ќе ги води низ процес на саморазвој и раст во полето на социјалното претприемништво како модерен начин на самовработување.

Проектот се стреми да воспостави поволна средина за младинско социјално претприемништво со што би се намалила невработеноста кај младите; да ги зајакне компетенциите и капацитетите на ранливите млади; да го промовира социјалното претприемништво предводено од млади; да ги вклучи младите во социјалните претпријатија како и да обезбеди простор за прибирање средства за имплементација на нови идеи за социјални претпријатија.

Главни активности на проектот се: детална анализа на социјалното претприемништво, градење на капацитетите преку обуки за меки вештини, претприемништво, прибирање средства и вклучување во заедницата, финансиска поддршка за социјални претпријатија, веб платформа за прибирање финансиски средства која исто така ќе служи и како национален ресурсен центар за социјално претприемништво како и креирање на Национален акциски план за младинско вработување 2022-2025.

Период на имплементација: декември 2021 – декември 2023

Донатор: Европска Комисија

**REINFORCEMENT OF SUPPORT STRUCTURES FOR NEETS IN THE ENTREPRENEURIAL FIELD – ЗАКАЈНУВАЊЕ НА СТРУКТУРИТЕ НА NEET МЛАДИ ВО ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ПОЛЕ**

Проектот "E4NEETs" – „Зајакнување на структурите за поддршка на NEET млади во претприемничкото поле" има за цел да го зголеми пристапот до претприемништво за младите лица кои се во NEET групата (кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука). Проектот дополнително ќе понуди можност за професионалци кои работат со NEET млади без специфична експертиза за социјално претприемништво. Основните и планираните активности на проектот ќе ги изградат неопходните услови за зајакнување на вештините на професионалците кои работат со NEET млади преку информирање за претприемништвото и социјалното претприемништво и обучување за подобро да ги водат и поддржат младите кон претприемништвото. Очекувани резултати од проектот се: стекнување на нови вештини за претприемништво и социјално претприемништво за професионалниците кои работат со NEET млади; зголемување на свеста на NEET млади за претприемништво и социјално претприемништво; зголемување на свеста на креаторите на политики и раководителите на компаниите за придобивките од вклучување на NEET млади; транснационална дисеминација на овие иновативни методи низ Европа и Медитеранската област.

Период на имплементација: ноември 2021 – ноември 2023

Донатор: Европската Комисија

# Проекти

**YOUTH EMPOWERMENT INCUBATOR (YEI) – ИНКУБАТОР ЗА ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИТЕ (ИЈМ)**

Главната цел на проектот е да се зголеми младинското учество и нивната застапеност на национално и на европско ниво. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на младинските претставнички тела; да се создаде заедничка платформа за размена на добри практики и поддршка на развојот и застапувањето на младинските политики; и да се дизајнира сеопфатен преглед на позитивните практики при креирањето и застапувањето на младинските политики. Прегледот ќе содржи различни алатки, механизми и ресурси кои се користат со цел успешно да се застапува за поголемо и поефикасно младинско учество. Сето ова ќе резултира со повторување на позитивните искуства на национално ниво.

Главните активности на проектот вклучуваат: шест студиски посети во Северна Македонија, Естонија, Латвија, Србија, Словачка и Белгија, претставување од прва рака на добри практики кои се темелат на докази, а се поврзани со ЕУ младинскиот дијалог и европските младински цели, развивање на брифови за политиките, креирање застапувачки кампањи за промени во политиките, национални конференции за важноста на ЕУ младинскиот дијалог и научените лекции во рамките на проектот.

Партнери на проектот:

Национален младински совет на Естонија; Национален младински совет на Латвија; Национален младински совет на Србија; Младински совет на Словачка

Период на реализација: април 2022 година – март 2024

Донатор: Европска комисија

**VIRTUAL INTERNSHIPS FOR INCLUSIVE SOCIETIES (VI4IS) – ВИРТУЕЛНИ ПРАКТИКАНТСТВА ЗА ИНКЛУЗИВНИ ОПШТЕСТВА (ВПЗИО)**

Главната цел на проектот е да се подобри пристапот на младите луѓе, особено оние што имаат пристап до помалку можности, до програмите за практикантска работа што се спроведуваат во рамки на формалното и неформалното образование во Европа.

Проектот придонесува кон обезбедување еднакви можности за сите млади луѓе да ги развијат потребните вештини и да стекнат практично искуство, со цел да се олесни транзицијата од образованието до пазарот на трудот и да се осигура дека сите млади луѓе имаат пристап до соодветно финансирано неформално образование на сите нивоа.

Главните активности на проектот се: широк процес на консултации на државно ниво, проценка на виртуелни практикантства, размена на знаења и добри практики, во државата, но и транснационално (на национално и на ниво на ЕУ, меѓу земјите на ЕУ и земјите кои не се членки на ЕУ), пилотирање на нови и подобрување на постоечките програми за виртуелна практикантска работа низ Европа.

Партнери на проектот:

Србија – Belgrade Open School (координатор), Junior Achievement Serbia

Шпанија – Xano Channel – Association for Community Development

Италија – Pixel – International Education and Training Institution

Белгија – Junior Achievement Europe

Период на имплементација: декември 2022 година – декември 2024

Донатор: Европска комисија

# Проекти

**ART OF ACTIVISM – УМЕТНОСТ НА АКТИВИЗМОТ**

Проектот Уметност на активизмот има за цел да ја подобри соработката меѓу партнерските организации, фокусирајќи се на активизмот и застапувањето преку уметност и култура. Со поттикнување и негување на заедница на млади активисти за младинските права, проектот се стреми да овозможи младинската работа да добие поголемо признание, а воедно и да ги поттикне младите да иницираат промени. Преку приспособени програми за обука, проектот ќе ги опреми младинските работници и организации со потребните знаења, вештини и вредности за тие ефективно да работат за младите. Преку интегрирање на уметничките и културните пристапи, учесниците на проектот ќе бидат инспирирани креативно да се справат со социјалните предизвици и да креираат широки општествени промени. П

– Младите работници и младинските активисти да се запознаат со теоријата и практиката на активизмот, неговиот развој низ историјата и влијанието што истиот го има врз генерациските промени;
– Младите работници и активисти да се охрабрат да размислуваат за културата и уметноста како алатка за одговор на општествените предизвици и промени;
– Да се обезбеди размена на добри практики, знаење и научени лекции;
– Да се зајакне соработката меѓу организациите учеснички.

Партнери на проектот: Хрватска младинска мрежа; Национален младински совет на Словенија; Национален младински совет на Србија; Национален младински совет на Романија; Национален младински совет на Малта;
Период на имплементација: септември 2023 – декември 2024
Донатор: Европска комисија

**GREEN GENERATION: SCHOOLS ENGAGED FOR CLIMATE ACTION – ЗЕЛЕНА ГЕНЕРАЦИЈА: УЧИЛИШТА ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА**

Проектот „Зелена генерација: Училишта за климатска акција“ има за цел да ги поттикне училишните заедници да превземат активна улога во климатските активности, да ја подобрат енергетската ефикасност и да промовираат одржливи практики. Преку својот разновиден опсег на активности, проектот се стреми да ја подигне свеста, да ги зајакне капацитетите и да ја поттикне соработката, стремејќи се кон иднина на Западен Балкан која е отпорна на климатските промени и независна во енергетските ресурси.
Во проектот се таргетираат вкупно 21 училиште, од општините: Берово, Штип и Чаир во Северна Македонија, Ваљево во Србија, Ѓаковица во Косово, и Живинице, Лопаре, Грачаница во Босна и Херцеговина. Во сите училишта ќе се спроведат следните проектни активности: 21 кампања за подигнување на свеста, училишни натпревари, тренинзи за градење капацитети, развој на регионални брошури, серија од 3 форуми.
Партнери на проектот: Belgrade Open School; Bonevet; RESET Center for sustainable energy transition Sarajevo
Период на имплементација: август 2023 година – јули 2024
Донатор: Фондација Отворено општество

# Проекти

**INDEPENDENCE OF YOUTH COUNCILS – НЕЗАВИСНОСТ НА МЛАДИНСКИТЕ СОВЕТИ**

Проектот „Независност на младинските совети“ има за цел да го процени моменталниот капацитет на младинските совети за учество во процесите на носење одлуки на национално и на локално ниво. Проектот ги анализира поддршката што младинските совети ја добиваат од државата и како овој однос влијае на нивната независност, како и на обезбедувањето на автентична застапеност на младите во демократските процеси.

Главните цели на проектот вклучуваат:

- Истражување на правните и административните средини на младинските совети.
- Споредување на овие средини помеѓу различните држави.
- Учење од добри практики на соработка помеѓу младинските совети и властите.
- Развивање програма за обука за подобрување на граѓанските компетенции.
- Предлагање интервенции ширум ЕУ подготвувајќи документи за јавни политики.

Партнери на проектот: Национален младински совет на Бугарија; Национален младински совет на Србија; Национален младински совет на Словенија; Национален младински совет на Латвија; Национален младински совет на Романија; Национален младински совет на Италија; Национален младински совет на Шпанија; Национален младински совет на Кипар.

Период на имплементација: јануари 2023 – јуни 2024

Донатор: Европска комисија

# ТИМОТ НА НМСМ ВО 2023 ГОДИНА

# СЕКРЕТАРИЈАТ НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

1. Маријана Ангелова – Генерален секретар
2. Јана Јосифовска – Финансиски и админситративен менаџер
3. Александра Филипова – Програрмски менаџер (Програма за стратешки развој)
4. Филип Кулаков – Програмски менаџер (Програма за добро владеење) (до август 2023)
5. Ане Матевска – Програмски менаџер (Програма за добро владеење) (програмски координатор до август 2023)
6. Михаил Василевски – Менаџер за комуникации
7. Јордан Николовски – Координатор за комуникации (до мај 2023)
8. Албина Сафадини – Програмски координатор (Програма за стратешки разво)
9. Сара Ристеска – Програмски координатор (Програма за добро владеење) (програмски асистент до август 2023)
10. Ардит Шехи – Програмски Асистент (Програма за стратешки развој)
11. Ангела Атанасовска – Финансиски и админситративен асистент
12. Ива Наскова - Програмски Асистент (Програма за стратешки развој)
13. Горјан Чурлинов - Асисетнт за комуникации
14. Оливер Андреевски - Координатор за комуникации

# УПРАВЕН ОДБОР НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

1. Филип Ивковски – Претседател
2. Сотир Габелоски - Потпретседател
3. Зоја Таревска – Петрушевска Член на Управен одбор - од ноември 2023
4. Панде Ефтимов - Член на Управен одбор
5. Мартина Јачевска – Член на Управен одбор - од јануари 2024

1. Марија Крстевска Тасева – Претседател (мај 2023)
2. Ангела Анѓеловска – Потпретседател (мај 2023)
3. Оливер Андреевски – Член на Управен одбор (мај 2023)
4. Дарко Тошиќ - Член на Управен одбор (мај 2023)
5. Никола Ивановски - Член на Управен одбор (мај 2023)
6. Андреј Стојкоски - Член на Управен одбор (мај 2023)
7. Ѓузим Нухиу - Член на Управен одбор (мај 2023)

## НАДЗОРЕН ОДБОР НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

1. Панде Ефтимов – Претседател на НО (до мај 2023)
2. Ана Клесова – Член на НО
3. Мила Јовановска - Член на НО
4. Теодора Стефановска - Член НО
5. Стефан Петровски - Член на НО

## КОМИСИЈА ЗА ЧЛЕНСТВО НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

1. Илија Станковски - Член на комисија
2. Евгенија Герамитчиоска - Член на комисија

Национален младински совет на Македонија